Прехранбена индустрија
**„ВИТАМИНКА“ А.Д.**

Бр . 02-2050/1 .

Прилеп, 25.04.2019 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА П.И.„ВИТАМИНКА“ АД ПРИЛЕП ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2018 - 31.12.2018 ГОДИНА

*Содржина:*

1. Основни податоци за друштвото

2. Управување со финансиски ризик

3. Инвестиции

4. Дивиденда

5. Финансирање

6. Големи зделки

7. Односи со поврзани субјекти

8. Акционерски капитал

9. Надоместоци на раководството

10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

11. Трудова статистика

12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

13. Корпоративна општествена одговорност

14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото

## 1. Основни податоци за друштвото и поврзаните правни субјекти

П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, е основана во 1956 година со Решение - рег.бр. 9/56, на тогашниот Окружен Стопански суд во Битола, како фабрика за производство на црвена пипер. Во текот на годините друштвото активно вложува во развојни проекти, значително го проширува сопствениот производен асортиман и бележи континуиран раст. Со Решение бр. 1485/98 од 20.10.1998 год. во Основниот суд Битола како регистарски суд е спроведена судска регистрација на „Витаминка“ како акционерско друштво, а во насока на усогласување со Законот за трговските друштва.

Со примената на законските прописи (Законот за централниот регистар и др. прописи) податоците за П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, од трговскиот регистар кој се водеше во Основниот суд во Битола, пренесени се во Централниот регистар на Р.М.

Основните податоци за друштвото се следните:

- Единствен матичен број (ЕМБС): 4015215,
- Единствен даночен број (ЕДБ): 4021991116887,
- Целосен назив на субјектот на упис: Прехранбена индустрија „Витаминка“ а.д. Прилеп,
- Седиште: ул. „Леце Котески“ бр. 23 - Прилеп,
- Вид на правното лице: 05.5 Акционерско друштво,
- Големина на деловниот субјект: Голем,
- Одговорност во правниот промет: За обврските створени во правниот промет со трети лица, друштвото одговара со сите свои средства,
- Датум на првична регистрација: 20.10.1998 год.,
- Траење: Неограничено.
- Основна главнина:
    - Основачки влог МКД: 248.770.775,00
    - Основачки влог EUR: 4.049.000,00
- Број на акции: 76.720
- Број на акционери на 31.12.2018 година: 233

Во 2017 год. резервиран општествен капитал не постои.

Во 2018 год. бројот на акциите изнесува 76.720. Сите акции се обични со право на еден глас. Номиналната вредност на поединечна акција изнесува 52,78 Евра.

Основната дејност на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп согласно НКД е: Производство на какао, чоколади и кондиторски производи, шифра: 10.82. Друштвото во Централниот регистар на Република Македонија има регистрирано и општа клаузула за бизнис.

Поврзани субјекти со П.И.„Витаминка“ АД Прилеп се следните правни лица:

- **„Вибро“ ДООЕЛ Прилеп**, основано на 31.08.2005 година, ЕМБС 6035248, со приоритетна дејност 55.10 - хотели и слични објекти за сместување. Во текот на 2018 година во делот на работењето на ова друштво немаше поголеми ангажмани.

- **„Ведрина-2“ ДОО Белград, Република Србија**, основано на 28.06.2003 година, ЕМБС 17418777, со приоритетна деност 46.31, според НКД во Р.Србија, трговија на големо со шеќер, чоколади и слатки. Во врска со работењето на ова поврзано друштво беа преземени повеќе активности од аспект на усогласување на законското работење, наплатата на спорните побарувања, регулација на работните односи и решавањето на имотно-правните работи во Р.Србија.

- **„Витаминка БГ“ ЕООД, Софија, Република Бугарија**, ЕМБС 202127272, со приоритетна дејност купопродажба на стоки и услуги, според НКД на Р.Бугарија.

- **„Викарди“ ДООЕЛ, с.Кременица, Битола**, основано на 08.01.1993 година, ЕМБС 4561244, со приоритетна дејност 06.02 - вадење на природен гас. Во овој дел отпочната е постапка за статусна промена која треба да финишира во првата половина на 2019 година.

- Дополнително, П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп се појавува и како еден од основачите на **„Пакомак“ ДОО Скопје**, со удел во висина од 1/11 од основачкиот влог на друштвото.

- Во текот на 2017 година или поточно на 07.07.2017 година беше основано и **Здружението Женски РАКОМЕТЕН КЛУБ ДЕСПИНА Прилеп**, по барање на врвното раководство на „Витаминка“, од страна на повеќе физички лица вработени во П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, а во согласност со Законот за здруженија и фондации. Клубот се натпреварува во првата македонска женска ракометна лига. Во текот на оваа година беа преземени низа активности од аспект на организација на работењето на спортскиот клуб, средување на потребната документација, ангажирањето играчи и други лица, обезбедувањето материјални услови за работа и сл. Оваа активност продолжува и понатаму.

- Со почеток од 2017 година, со одлука на Одборот на директори бр. 1/6/2017-О.Д. (арх.бр. 02-1626/2 од 15.09.2017 година) беше дадено одобрение за основање нов деловен субјект од страна на „Вибро“ ДООЕЛ Прилеп. Во таа насока, на ден 02.10.2017 година беше основано и **Друштвото за превоз, трговија и услуги „В-РОУТЕ“ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп**, чија основна дејност ќе биде 49.41 од НКД - Товарен патен транспорт. Целта е преку ова друштво во перспектива да се одвива дистрибуцијата на нашите производи, но и да се даваат надворешни услуги во овој дел, на начин што друштвото ќе биде самоодрживо или ќе стане профитен центар, а нема да биде на товар на основачот или матичното друштво.

## 2. Управување со финансиски ризик

### 2.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 2.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни

обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

### 2.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии. Изворите на финансиски средства како дополнителни извори за обртен капитал за секојдневната работа на друштвото и од сопствените извори на такви средства (од остварената годишна добивка и од издвоените средства од амортизацијата), континуирано се намалуваат.

### 2.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

Ризик од курсни разлики

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

*Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност*

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во

најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат неповолен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### 2.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## 3. Инвестиции

Во 2018 година беа направени инвестиции во износ од 579.761.253,00 денари, што во споредба со 2017 година претставува зголемување за 449,64 %. Овие инвестиции се ангажирани преку земени долгорочни кредити од банки и со користење на сопствени извори, остварениот позитивен финансиски резултат и годишната амортизација.

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2017 г | 2018 г | Раст / Пад |
| | мкд | мкд | % |
| Нематеријални средства | 0,00 | 546.125,00 | 100,00 |
| Земјишта и градежни објекти | 28.299.487,00 | 195.215.629,00 | 689,82 |
| Опрема | 81.744.286,00 | 338.302.768,00 | 413,85 |
| Транспортни средства | 16.847.254,00 | 11.790.224,00 | -30,02 |
| Останата опрема | 2.049.180,00 | 17.717.058,00 | 864,59 |
| Долгорочни вложувања | | 16.189.449,00 | 100,00 |
| ВКУПНО | 128.940.207,00 | 579.761.253,00 | 449,64 |

## 4. Дивиденда

Друштвото на редовното годишно собрание на акционери одржано на 12.06.2018 година донесе одлука за исплата на дивиденда од работењето во 2017 година во бруто

износ од 13.144 илјади денари и бонус за раководен тим во висина од 3.286 илајди денари. Останатиот дел од добивката за 2017 година во висина од 16.431 илјади денари со одлука е распределен во резервен фонд за инвестиции.

## 5. Финансирање

Преглед на обврски по долгорочни и краткорочни позајмици по доспеаност во илјади мкд:

| | *2018* | *2017* |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| *Европска банка за обнова и развој ( ЕБОР)* | | |
| - 6,000,000 ЕУР со варијабилна к.ст. | | 261,355 |
| Про Кредит Банка, Скопје | 414,167.00 | 40,138 |
| Комерцијална Банка, Скопје | 380,316.00 | |
| Шпаркасе Банка, Скопје | 18,335.00 | |
| **Вкупно долгорочни позајмици** | **812,818.00** | **301,493** |
| Намалено за: тековна доспеаност | -80,185 | -50,661 |
| **Долгорочен дел** | **732,633.00** | **250,832** |
| | | |
| **Краткорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| Комерцијална банка во вкупен износ од 40,000 илјади денари | 22,075 | 24,100 |
| Шпаркасе банка во вкупен износ од 40,000 илјади денари | 40,000 | - |
| НЛБ банка во вкупен износ од 184,000 илјади денари | 139,500 | |
| Обврски по кредитни картички со варијабилна каматна стапка | 235 | 134 |
| **Вкупно краткорочни позајмици** | **201,810** | **24,234** |
| Тековна доспеаност на долгорочни позајмици со камата | 80185 | 50,661 |
| **Краткорочни позајмици и тековно доспев.на долгор.поз,** | **281,995** | **74,895** |
| **Се вкупно позајмици и фин.наем** | **1,014,628.00** | **325,727** |

## 6. Големи зделки

- На 15 февруари 2018 година, Друштвото, во својство на купувач пристапи кон склучување на договори со Комерцијална Банка АД Скопје, како продавач за купување на недвижен имот, подвижни ствари и права од индустриска сопственосгт, лоцирани во Штип, кои претходно и припаѓаа на фабриката за масло Брилијант Штип. Вкупната проценета вредност на зделката изнесува 7.3 милиони Евра, во денарска противвредност. Целта на оваа инвестиција е долгорочно обезбедување суровинска база за производните потреби на Друштвото, како и зацврстување на лидерската позиција на Друштвото во прехранбената индустрија во Република Македонија. Последователно, Собранието на Акционери на Друштвото, на седницата одржана на 14 март 2018 година донесе Одлука за потврдување на Одлуката на Одборот на Директори за одобрување на голема зделка – склучување на договор за купопродажба на недвижен имот и подвижни ствари, како и пренос на права од

индустриска сопственост, во сопственост на Банката, во вкупна вредност од 7.3 милион Евра.

- На 16 февруари 2018 година Одборот на Директори на Друштвото донесе одлука за склучување на Анекс договор за рамковен лимит на износ од 3.5 милиони Евра, како и склучување договор за долгорочен заем како дел од договорот за рамковен лимит од Прокредит Банка АД Скопје во износ од 2 милиони Евра. Заемот ќе се искористи за уплата на учество во Комерцијална Банка АД Скопје за купување на погоренаведениот имот, подвижни ствари и права на индустриска сопственост, во сопственост на Комерцијална Банка АД Скопје. За горенаведеното задолжување Друштвото ќе даде обезбедување со хипотека на имот (недвижен имот и опрема) лоцирани во седиштето на Друштвото во Прилеп.
- На 21 февруари 2018 година Друштвото и Про Кредит Банка АД Скопје склучија Анекс 1 за измена и дополнување на договорот за рамковен лимит со што Банката му одобрува на Друштвото рамковен лимит во вкупен износ од 3.5 милиони Евра во времетраење до 30 јуни 2027 година. Последователно, Собранието на Акционери на Друштвото, на седницата одржана на 14 март 2018 година донесе Одлука за потврдување на Одлуката на Одборот на Директори за одобрување на голема зделка – склучување на Анекс на договор со Про Кредит Банка АД Скопје за рамковен лимит на износ од 3.5 милиони Евра, како и склучување Договор за задолжување со долгорочен заем како дел од Договорот за рамковен лимит во износ од 2 милион Евра.
- Собранието на Акционери на Друштвото, на седницата од 14 март 2018 година, врз основа на писменото известување на Одборот на Директори за голема зделка, донесе Одлука за одобрување на голема зделка – задолжување на Друштвото со долгорочен заем од Комерцијална Банка АД Скопје во износ од 5.3 милиони Евра, за финансирање на купувањето на недвижен имот, опрема и права од индустриска сопственост (објаснети погоре) со рок на отплата од 15 години, вклучувајќи грејс период од 3 години, како и задолжување со рамковен револвинг лимит врз основа на договорен залог во НЛБ Банка на износ од 3 милиони Евра за тековно финансирање на Друштвото, со рок на отплата од 5 години.

Сите наведени постапки во целост беа спроведени согласно членовите 455 и 456 од Законот за трговските друштва.

## 7. Односи со поврзани субјекти

Трансакциите со поврзаните друштва се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Расходи |
|---|---|---|---|---|
| **2018** | | | | |
| Вибро ДОО Прилеп | | | | |
| Витаминка БГ ЕООД Софија | 7,262,829 | 127,656 | 42,632,516 | 2,906,710 |
| Ведрина 2 ДОО Белград | 57,525,058 | 4,262,034 | 48,619,792 | 6,837,058 |
| Викарди ДОО Битола | | | | |
| В-роуте | 413.432 | 1.692.471 | 1.642.746 | 5.461.861 |

## 8. Акционерски капитал

На 31 декември 2018 и 2017 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 248,771 илјади МКД. Истиот е поделен на 76,720 запишани и во целост платени обични акции со номинална вредност од 52.78 Евра по акција.

Промените во акционерскиот капитал во текот на 2018 и 2017 година се како што следи:

| | Број на акции | | | Износ (во 000 мкд) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Во оптек | Сопствени | Вкупно | Во оптек | Сопствени | Вкупно |
| **01 јануари 2017** | **76,510** | **210** | **76,720** | **248,090** | **681** | **248,771** |
| Откуп на сопствени акции | (755) | 755 | | (2,451) | 2,451 | - |
| **31 декември 2017** | **75,755** | **965** | **76,720** | **245,639** | **3,132** | **248,771** |
| **01 јануари 2018** | **75,755** | **965** | **76,720** | **245,639** | **3,132** | **248,771** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| **31 декември 2018** | **75,755** | **965** | **76,720** | **245,639** | **3,132** | **248,771** |

### *Резерви*

| | Ревалор. резерви | Задолжителни резерви | Резерви за сопств.акции | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **01 јануари 2017** | **6,115** | **207,035** | **5,051** | **218,201** |
| Распред.на акумулирани добивки | - | 18,084 | - | 18,084 |
| Откуп на сопствени акции | - | - | (4,419) | (4,419) |
| Ефект од вред.на вложув. | (622) | - | - | (622) |
| **31 дек.2017 / 01 јануари 2018** | **5,493** | **225,119** | **632** | **231,244** |
| Распред.на акумулирани добивки | - | 16,431 | - | 16,431 |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - |
| Ефект од вред.на вложув. | 10,501 | - | - | 10,501 |
| **31 декември 2018** | **15,994** | **241,550** | **632** | **258,176** |

На 31.12.2018 год. друштвото имаше стекнато вкупно 965 сопствени акции во согласност со Одлуката на Собранието на акционери бр. 02-1015/12 од 15.06.2017 год., чија важност беше продолжена со Одлуката на Собранието на акционери бр. 02-812/10 од 12.06.2018 год. Сите акции се стекнати согласно член 333 од Законот за трговските друштва и не беше евидентирано никакво отстапување од законските рамки. Процесот на стекнување сопствени акции со откуп согласно споменатата одлука може да продолжи најдоцна до 12.06.2019 година заради тоа што истата има важност од најмногу 1 (една) година согласно закон. Причините за стекнувањето сопствени акции со откуп би можеле да се лоцираат во настанатите поврзувања, присоединувања, спојувања и поделби на друштва во регионот, а пред сè влијанието на одредени поголеми трговски ланци во делот на производството и продажбата на храна. Од нивна страна беа купени повеќе помали конкурентски друштва, со чие присоединување настана реална опасност да се монополизира пазарот и да се преземат разни активности за уништување или нанесување штети на останатите конкуренти на пазарите во регионот.

## 9. Надоместоци на раководството

На членовите на органот на управување на Друштвото во 2018 година вкупно се исплатени 15,618 илјади денари.

## 10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

### 10.1. Поединечни финансиски извештаи

Во продолжение се презентира билансот на состојбата и успехот за 2018 година:

***Биланс на состојба:**

| | 31 декември 2018 000 МКД | 31 декември 2017 000 МКД |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | | |
| | 1,350,513 | 780,742 |
| Нематеријални средства | 550 | 234 |
| Вложувања во подружници | 113,168 | 109,716 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 40,285 | 17,047 |
| Финансиски побарувања | | - |
| | **1,504,516** | **907,739** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 337,433 | 221,391 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 459,617 | 326,675 |
| Побарувања за данок од добивка | | 773 |
| Парични средства и еквиваленти | 21,459 | 57,511 |
| | **818,509** | **606,350** |
| **Вкупно средства** | **2,323,025** | **1,514,089** |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | | |
| Акционерски капитал | 256,114 | 245,639 |
| Резерви | 247,701 | 231,244 |
| Акумулирани добивки | | 443,751 |

| | | |
|---|---|---|
| | 462,607 | |
| | **966,422** | **920,634** |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Позајмици | 812,818 | 250,832 |
| | **812,818** | **250,832** |
| **Тековни обврски** | | |
| Позајмици | 201,810 | 74,895 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 340,699 | 267,728 |
| Обврска за данок на добивка | 1,276 | - |
| | **543,785** | **342,623** |
| **Вкупно обврски** | **1,356,603** | **593,455** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **2,323,025** | **1,514,089** |

***Биланс на успех:**

| | Година што завршува на | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2018 000 МКД | 31 декември 2017 000 МКД |
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 2,105,029 | 1,559,325 |
| Останати деловни приходи | 36,961 | 43,727 |
| Набавна вредност на продадени стоки | -14,956 | -11,708 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -1,432,595 | -989,752 |
| Трошоци за користи на вработените | -324,686 | -255,746 |
| Амортизација и депрецијација | -108,741 | -74,188 |
| Останати деловни трошоци | -278,910 | -198,463 |
| Промени на залихите на готови производи | 99,831 | -24,092 |
| **Добивка од оперативно работење** | **81,933** | **49,103** |
| Финансиски приходи | 3,741 | 5,865 |
| Финансиски расходи | -27,787 | -16,572 |
| Финансиски (расходи), нето | -24,046 | -10,707 |

| | | |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | **57,887** | **38,396** |
| Данок на добивка | -6,169 | -5,534 |
| **Нето добивка за годината** | **51,718** | **32,862** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** | | |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | 10,501 | -622 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **62,219** | **32,240** |

- *Финансиски показатели:*

- Оперативна профитна маржа пред амортизација – ЕБИТ ДА:
  - Во 2018 год. ЕБИТ ДА изнесува 8,23%.
- Оперативна профитна маржа по амортизација – ЕБИТ:
  - Во 2018 год. ЕБИТ изнесува 2,58%.

- Согласно склучениот договор за кредити со комерцијалните банки, Друштвото е должно, во текот на целиот период на отплата на долгот, да ги пресметува и одржува следните соодветни финансиски показатели:

a. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА
b. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА(не повисок од 7)
c. Степен на финансиска сигурност (не понизок од 40%)

Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

| | 2018 |
|---|---|
| а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА | 1,97 |
| б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 5,32 |
| ц. Степен на финансиска сигурност | 41,60% |

## 10.2. Консолидирани финансиски извештаи

### Биланс на состојбата

| | 31 декември 2018 000 мкд | 31 декември 2017 000 мкд |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1,367,404 | 803.606 |
| Нематеријални средства | 829 | 504 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 43,500 | 18.508 |

| | | |
|---|---|---|
| **Тековни средства** | **1,411,733** | **822.618** |
| Залихи | 338,995 | 229.752 |
| Побарувања од купувачи и останатипобарувања | 444,238 | 318.386 |
| Побарување за данок од добивка | 758 | 1.547 |
| Парични средства и еквиваленти | 23,552 | 64.395 |
| | **807,543** | **614.08** |
| **Вкупно средства** | **2,219,276** | **1.436.698** |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | | |
| Акционерски капитал | 240,843 | 245.639 |
| Резерви | 265,304 | 232.223 |
| Акумулирани добивки | 339,305 | 340.033 |
| **Вкупно капитал** | **845,452** | **817.895** |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Позајмици | 813,323 | 251.441 |
| | **813,323** | **251.441** |
| **Тековни обврски** | | |
| Позајмици | 201,810 | 75.381 |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | 358,420 | 290.752 |
| Обврски за данок од добивка | 271 | 1.229 |
| | **560,501** | **367.362** |
| **Вкупно обврски** | **1,373,824** | **618.803** |
| **Вкупно обврски и капитал** | **2,219,276** | **1.436.698** |

## Биланс на успех

| | Година што завршува на | |
|---|---|---|
| | 31 декември 2018 000 мкд | 31 декември 2017 000 мкд |
| Приходи од продажба | 2,144,560 | 1.593.560 |
| Останати деловни приходи | 62,406 | 83.789 |
| Материјали, енергија и резервни делови | (1,437,925) | (1.002.355) |
| Набавна вредност на продадени стоки | (42,387) | -11.708 |
| Трошоци за користи на вработени | (341,859) | -272.039 |
| Депрецијација и амортизација | (118,673) | -83.098 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати деловни трошоци | (307,752) | -240.688 |
| Промена на вредноста на залихите | 99,831 | -15.693 |
| **Добивка од работење** | **58,201** | **51.768** |
| | | |
| Финансиски приходи | 4,807 | 9.042 |
| Финансиски расходи | (28,007) | -19.274 |
| **Финансиски (расходи), нето** | **(23,200)** | **-10.232** |
| **Добивка пред оданочување** | **35,001** | **41.536** |
| | | |
| Данок на добивка | (6,169) | -6.782 |
| **Добивка за годината** | **28,832** | **34.754** |

## 11. Трудова статистика

Трудовата статистика на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп ги интегрира различните аспекти поврзани со менаџментот на човечките ресурси, следење на бројот на вработени, половата, образовната, националната структура, просечната старост на работниците во организацијата, следење на боледувањата и сл.

**На 31.12.2018 година во „Витаминка" работеле вкупно 719 работници,** од кои 47% или 341 се мажи, а 53% или 378 се жени. **На 31.12.2018 година бројот на работници се зголемил за 18.5% во однос на 31.12.2017 година.** Притоа, во претходните години беше забележлив тренд на константно зголемување на бројот на вработени од година во година.

Во однос на **просечниот број вработени во текот на годините**, во 2018 година бележиме вкупно 659 лица, додека во 2017 - 599 лица. Споредувајќи ги претходните четири години, 2015г., 2016г., 2017г.и 2018г.може да се констатира дека во 2016г. просечниот број на вкупно вработени е за 7 лица поголем отколку во 2017г., а потоа константно се бележи пораст на вкупен број на вработени лица во текот на 2018г. Без оглед на тоа бројот на лица кои се вработени на неопределено време во период од 2015г. до 2018г. достигнува благ пораст, а исто така и константно се зголемува бројот на лица на определено време. **Особено важно да се напомене во овој дел е тоа дека во 2018 година најголем број од вработувањата или вкупно 72 беа реализирани во Подружница „Фабрика 3" во Штип (Брилијант), заради отпочнувањето со работа на фабриката за масло за јадење.**




**Од вкупниот број вработени во друштвото, на 31.12.2018 година, вкупно 68% (449) биле на неопределено време, додека 32% (213) на определено време.** На 31.12.2017 година - 73,3% биле вработени на неопределено време или вкупно 445 работници, а преостанатите 26,7% или 162 работници се вработени на определено време. Во учеството во вкупната структура бележиме извесно намалување на бројот на вработени лица на неопределено време во 2018 година за разлика од 2017 година, меѓутоа тоа намалување во основа се должи на реализираните вработувања во Подружница „Фабрика 3" во Штип, каде беше заземен став сите вработувања да се засноваат на определено време. Во претходните деловни години се забележуваше тренд на пораст на бројот на вработени на неопределено време. Зголемувањето на бројот на лицата на неопределено време во вкупната структура во основа се должи на доследното спроведување на политиката за повторно ангажирање лица во производството кои и претходно работеле на истите работни позиции и изминувањето на законскиот период од 5 (пет) години за трансформација на работниот однос.

Просечната старост на вработените во друштвото на крајот на 2018 година била 43,98 години, од кои 43,44 години просечна старост на мажи и 44,52 години просечна старост на жени. Евидентно е дека во 2018 година имаме зголемување на границата на просечна старост од 42.97 години во 2017 година, на 43.98 години.

Во текот на 2018 година, вкупно 186 лица биле нововработени или повторно вработени согласно потребите на процесот на работа, селектирајќи ги работниците од редот на оние кои постигнале најдобри резултати во дотогашното работење. Ваквиот број на нововработени или повторно вработени лица се оправдува со зголемувањето на деловната активност и потребата од вработување на образовани нови млади кадри со кои ќе се зголеми кадровскиот потенцијал на Друштвото, а секако и со потребата да бидат пронајдени и ангажирани најспособните лица. Вработувањето посебно на млади лица е влог во иднината на Друштвото. Заради производствената дејност на друштвото, најголемиот број од нововработените лица или 78 биле распоредени во производството, додека 72 лица биле вработени во Подружница „Фабрика 3" во Штип.

Од аспект на образовна структура во друштвото, со 56% од вкупниот број вработени доминираат работниците со завршено средно четиригодишно образование, додека високи

23,5% од вкупниот број вработени во друштвото се со завршено вишо, високо образование и постдипломски и докторски студии. Во овој дел, организацијата во континуитет спроведува обуки за вработените, а согласно Планот за обуки кој се изработува за секоја деловна година. Во споменатиот План за обуки на вработените е применет секторскиот принцип, на начин што одговорните лица на секоја организациона единица предлагаат обуки за тој дел, а Одборот на директори конечно го одобрува ваквиот План, сврстувајќи го во редот на сегменти кон годишниот План за работа на друштвото во тековната година.

Во изминатата 2018 година беа спроведени повеќе активности поврзани со развојот на човечките ресурси, а особено во делот на воведувањето нови практики во тој дел. Имено, беше воведен надоместок за трето дете за вработените, беше зголемен додатокот за ноќна работа од 40% на 50%, беа доделени јубилејни награди за 15 и 25 години работа во друштвото, редовно беа испраќани персонализирани честитки со пораки за родендените на вработените на нивните домашни адреси, беше прогласуван најдобар работник на месецот по предлог на неговите претпоставени и на истиот му беше исплаќана парична награда и сл. Во текот на 2018 година продолжи практиката на стипендирање на студенти од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Првите 4 (четири) дипломирани стипендисти од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, во 2017 година добија вработување во П.И.„Витаминка", додека уште 3 (три) дипломирани млади технолози од програмата за стипендирање беа вработени во 2018 година. На почетокот на 2019 година беше воведено правило за одобрување скратено работно време од 3 (три) месеци после завршувањето на породилното отсуство.

## 12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

Имајќи го предвид фактот дека станува збор за сложена организација - акционерско друштво, односно за голем деловен субјект, во друштвото воспоставена е и успешно функционира широко разгранета организациона структура. На врвот на организационата структура се наоѓа Собранието на акционери кое го претставуваат вкупно 233 акционери со право на глас (состојба на 31.12.2018 год.). Во текот на 2018 година, беа одржани 2 (две) акционерски собранија, од кои, едното беше наменско, а другото редовно годишно. Првото вонредно акционерско собрание во 2018 год. се одржа на ден 14.03.2018 година со единствена цел донесување на потребните одлуки за одобрување голема зделка за купување на недвижниот, подвижниот имот и правата од интелектуална сопственост кои претходно припаѓале на „Брилијант" ДООЕЛ Штип. Годишното Собрание на акционери се одржа на 12.06.2018 година и на истото се одлучуваше по 15 точки на дневниот ред. Двете Собранија се одржаа без никакви проблеми.

Организираниот едностепен систем на управување (преминот од двостепен на едностепен систем) кој се случи на Годишното Собрание на акционери на 09.06.2014 година, во 2018 година функционираше без никакви проблеми и крајно посветено. Имено, во текот на целата 2018 година беа одржани вкупно 16 /шеснаесет/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 60 одлуки и повеќе други акти. Бројот

на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2018 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва.

На Годишното Собрание на акционери одржано на 12.06.2018 година, беше извршена промена на двајцата независни неизвршни членови на Одборот на директори со нови. Одборот на директори и понатаму брои вкупно 5/пет/ члена. До денот на одржувањето на Годишното Собрание на акционери членови на Одборот на директори беа следните лица: Симон Наумоски - Претседател (неизвршен член), Сашо Наумоски - Генерален извршен директор (извршен член), Благоја Ѓорѓијовски - Неизвршен член, Ѓорѓи Манчески - Независен неизвршен член и Сашко Самарџиоски - Независен неизвршен член. Со донесувањето на одлуката на Собранието на акционери членовите Ѓорѓи Манчески и Сашко Самарџиоски беа заменети со новите членови Горан Рафајловски и Марјан Бојаџиев.

Членовите на Одборот на директори имаат мандат од 4/четири/ години сметано од 12.06.2018 година и заклучно до 12.06.2022 година, со право на повторен избор.

Во П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп во 2018 година функционираа воглавно вкупно 10 (десет) сектори. Притоа, во согласност со "Adižes" методологијата беше извршена промена на организационата структура, а вклучително и на називите на одредени сектори. Така, во 2018 година функционираа: Технички сектор, сектор за Набавки и логистика, Продажен сектор 1 - Република Македонија (продажба на домашен пазар), Продажен сектор 2 - Република Србија (продажба во Р.Србија), Продажен сектор 3 - останат свет (продажба во странство без Р.Србија), сектор за Правни и општи работи, сектор за Финансии, сектор за Контрола на квалитетот, сектор за Развој и сектор Маркетинг. На чело на секој сектор е поставен директор, со исклучок на секторот Маркетинг за кој формално не беше именуван директор. Кон крајот на годината беше извршена промена во делот на продажните сектори на начин што оваа функција се подели на три дела и тоа: Продажен сектор 1 (Република Македонија), Продажен сектор 2 (Република Србија) и Продажен сектор 3 (Останат свет). Во рамките на секторите се организирани и функционираат служби и работни единици. Директорите на секторите се членови на Оперативниот тим на „Витаминка“. Имено, со Одлука на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп бр. 3/1/2014 - О.Д. (арх.бр. 02-2038/4 од 18.06.2014 година), врз основа на членовите 62 и 74 од Статутот на Друштвото, беше извршен избор на Оперативен тим на П.И.„Витаминка“ АД - Прилеп, составен од деветте директори на сектори и директорот на Подружница „Фабрика 3“ - Штип, под директно раководство на Генералниот извршен директор.

Во друштвото се определени три нивоа на менаџмент и тоа: ниско, средно и високо ниво на менаџмент, со прецизно определени права и одговорности во работењето.

Процесот на донесување одлуки во друштвото е крајно транспарентен и истиот го сочинуваат следните активности: идентификување на проблем, анализирање на проблем, развивање на алтернативни решенија, избор на најдобрата солуција, претворање на одлуката во акција и следење на преземените активности.

## 13. Корпоративна општествена одговорност

Општествената одговорност е веќе години station наназад дел од самата суштина и стратешка определба на Витаминка. Ангажираниот однос кон заедницата е интегриран и претставува суштински дел од плановите за развој или од секојдневното работење на компанијата. Преку активностите што ги спроведуваме или ги поддржуваме, ја демонстрираме нашата искрена грижа за заедницата, за подобрување на условите во различни општествени сегменти и за создавање еднакви можности за сите.

Одговорноста што како една од најголемите компании во земјава ја имаме, ја демонстрираме во повеќе области, здравство, спорт, социјална еднаквост, култура, поп култура. Некогаш фокусот на нашето внимание е цела група граѓани, а некогаш тоа се поединци, индивидуалци кои имаат потреба од ургентна помош или пак се истакнел со некој значаен подвиг и на тој начин го заслужува внимание на Витаминка.

Дел од компаниската одговорност и ангажиран однос се и вработените и грижата за нивната добросостојба, во текот и надвор од работното време. Во насока на подигнување на свеста и одговорноста меѓу вработените измината година покрај редовните, основни здравствени прегледи кои се обврзувачки со закон и се извршуваат според одредена динамика, во соработка со здружението „Борка“, „Витаминка“ за женскиот дел од своите вработени организираше и предавање на тема Превенција од рак на дојка. Грижата за здравјето на вработените, со посебен фокус на превенција и рана детекција на ракот на дојка, акцијата оваа година беше проширена со организирање на прегледи со ехо на дојка за сите вработени во просториите на компанијата.

Исто така, нашиот придонес е голем и во спортот со бројни активности, преку кои поддржуваме различни спортски активности од екипен, па се до индивидуални спортови. Една од активностите со кои посебно се гордееме е нашата грижа за локалниот спорт и за заживување на спортскиот дух во градот и посебно кај младите. Така, нашата компанија, како основач на Ракометниот клуб „Деспина“ се грижи и ги обезбедува сите потребни услови за непречено тренирање и активно учество на членовите во клубот во своите лиги (кадетска и сениорска). Во текот на 2018 година ги поддржавме Цевитана алпски куп – 2018, што продолжи и во 2019, потоа велосипедската трка Алшар како и Авто трка по повод Денот на народното собрание. Во спортот, редовно се вложува во спортски активности од различен тип, екипен, поединечен, зимски или летни. Некогаш тоа се веќе докажани и афирмирани спортисти кои понатаму ги промовираат нашите брендови а некогаш тоа се спортски активности во подем. Оваа, 2018 година повторно ја обновивме соработката со Игор Стефановски Иџе затоа што првично започната соработка вроди со многу успеси и взаемно позитивно искуство. Витаминка повторно се здружува со Иџе, за освојување на уште многу патеки. Витаминка го следеше Иџе во освојувањето на шампионските титули возејќи по најстрмните ридско – планински патеки низ цела Европа. Летниот период во 2018 година беше одбележан со фантастичниот успех на 12годишниот Марко Пејчиновски. Затоа што како компанија, секогаш се обидуваме да помогнеме онаму каде е потребна помош, во овој случај потребна беше финансиска помош за Марко, со цел да има голема иднина пред себе.

Веруваме дека оваа финансиска помош го поттикна на уште поголеми успеси за храбриот млад пливач. Уште еден храбар потег беше оној на Васил Јанкула од Мала Преспа, кој боледува од детска целебрална парализа и со точак на три тркала ја извози триесет километарската патека во рамки на Охридскиот меѓународен атлетски маратон. И Васил ја доби помошта и поддршката од Витаминка.

Со посебно внимание и грижа се однесуваме кон социјално загрозените категории граѓани и се приклучуваме кон секоја иницијатива и ја поддржуваме со цел да придонесеме за подобрување на нивниот социјален статус. Така со меморандумот за соработка потпишан меѓу Витаминка и носителот на проектот, Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија", преку поддршка на проектот „Македонија без отпад - Мрежа за редистрибуција на вишок храна" (Macedonia without Waste - Food Surplus Redistribution Network), „Витаминка" го донира вишокот храна што не беше вклучен во производниот процес. Целата храна што е безбедна за консумирање, а е вишок од производството на компанијата, се дистрибуира до здруженија и асоцијации кои понатаму ја доставуваат до корисниците односно оние на кој им е потребна помош. Донираната храна е квалитетна со задржани нутритивни карактеристики и пред се безбедна за консумирање според постоечката регулатива за безбедност на храна на Република Македонија.

Како вистински поддржувач на визулените уметности, како и на македонската филмска продукција, „Витаминка" во измината година ги поддржа филмските остварувања „Господ постои, нејзиното име е Петрунија" на сестрите Митевски и филм што доби голема европска популарност, потоа најновиот филм на Милчо Манчевски „Врба" како и единствената ситком серија, омилената кај многу генерации серијата „Преспав".

Како што ја поддржуваме културата исто така имаме развиен одговорен однос и кон поп културата. Сите овие активности, кои се посебно во сегментот на културата, попкултурата и општествените настани и нивната поддршка се во насока на дополнителна промоција на корпоративниот бренд, нашите компаниски вредности како и на сите останати брендови на Витаминка.

Така преку изборот на настани каде сме присутни го следиме диверзитетот на музичките настани и ја поддржуваме музиката. Го поддржавме фантастичниот спектакл, изведбата на „Заспаната убавица" на мраз во изведба на Државниот балет на мраз од Санкт Петербург, што се одржа на 01 декември во салата на Македонската опера и балет, како и „Виенскиот концерт" кој се одржа во Македонска филхармонија неколку дена подоцна.

Сите ние знаеме колку е важна промоцијата на нашата компанија, како кај нас така и во останатите земји од Балканот, па следните два концерти, кои исто така беа поддржани од Витаминка беа одличен простор за промоција. Балканскиот изведувач Жељко Јоксимовиќ на 23-ти декември во просториите на МОБ одржа два последователни концерти како дел од неговиот проект „Два Света". Покрај тоа, со големо задоволство го поддржавме и настанот „All you need is love" фестивал од кој беа дел две многу звучни музички имиња, Џибони и Влатко Стефановски и неговиот целовечерен настап заедно со неговиот бенд.

Покрај домашните и регионални изведувачи изминатата година бевме спонзори и на концерти од звучни имиња од светската музичка сцена како вечниот романтичар Bryan Ferry,

емотивните Texas, единствените Jethro Tull, енергичните 2 Cellos и омилениот Здравко Чолиќ. Како вистински поддржувачи на авторската музика исто така ги поддржавме музичките остварува и на нашите домашни поп изведувачи Владо Јаневски и Калиопи. А од општествени настани од супкултурата нашата поддршка ја дадовме и за доделувањето на Твитер наградите.

Сите активности што сме избрале да ги поддржиме се одраз на нашиот однос кон заедница, се рефлексија на нашите компаниски, колективни вредности, но исто така и во насока на засилена афирмација и популаризација на нашите производи.

## 14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото

### 14.1. Економскиот амбиент во Република Северна Македонија во текот на 2018

Условите во деловно окружување во 2018 година во пошироки размери се карактеризираа со натамошно економско закрепнување на глобалната економија, но истото остана во сенка на трговските тензии помеѓу САД и Кина, случувањата поврзани со „Брегзит" и растечкиот глобален протекционизам. Светските берзи беа соочени со ценовни усогласувања како резултат на најавениот прекин на неконвенционалните мерки на централните банки за стимулирање на растот и очекувањата за пораст на каматните стапки. Според последните објавени проекции на ММФ, светската економија ќе забележи раст на БДП од 3,7% во 2018 година, при што остануваат присутни ризиците од растечката светска задолженост и кревките геополитички состојби.

Во Република Северна Македонија 2018 година се карактеризира со подобрена политичка клима, подобрување на клучните меѓународни односи и напредок во решавањето на спорот со Грција околу името, како и добиена условена препорака за отпочнување на преговорите со ЕУ во јуни 2019 година и добиена покана за членство во НАТО.

Оценетиот економски раст за 2018 година согласно НБРСМ изнесува 2,3%, при што податоците за третиот квартал од годината покажуваат раст на БДП од 3%.

### 14.2. Состојби во Друштвото

„Витаминка" ја заврши 2018 год. генерално успешно, многу подобро од остварените резултати во претходните две (2016 и 2017) години. Ја заврши и со раст во продажбата, со зголемена добивка, со посебно многу добри резултати во работата во последните три месеци (октомври, ноември, декември) и со реализацијата на еден огромен проект - купувањето на фабриката за производство на рафинирано сончогледово масло „Брилијант", од Штип.

Конечно, редно беше да се одработи една година во „Витаминка", со приметно поголеми позитивни финансиски ефекти од својата работа кои и тоа како ѝ беа неопходни и направи голем исчекор во зголемувањето на извозот, мерени по висината на неговото остварување во €, а не во зголемени проценти во однос на остварената реализација на домашниот пазар.

Мора да се констатира реалноста дека и условите на работа во таа година одеа во целост во прилог на остварените резултати, а тие беа следните најважни: цените на

шеќерот како основна суровина за производството, беа крајно поволни, во однос на истите во изминатите 5-10 години, но и цените на другите стратешки суровини беа нешто пониски од планираните за таа година. Потоа, во 2018-та немавме никави избори, таа не беше изборна година, кое нешто имаше доста позитивно влијание врз работењето во прехранбената индустрија.

Ако се погледне висината на прикажаната добивка од таа година, веднаш може да се заклучи дека претходно изнесеното не соодветствува на искажаната висина на добивка. Но, ако се подетално погледне годишната сметка за работењето на „Витаминка" во 2018-та, ќе се констатира дека само во две ставки од истата, во делот на остварените трошоци во работењето, се исплатени сса 1.200.000,00 € повеќе во однос на остварените во 2017 год. и тоа: скоро 1.050.000,00 € повеќе на име исплатени бруто плати за сса 700 вработени (на неопределено и определено време) и речиси 150.000,00 € повеќе исплатени за потрошена електрична енергија и други енергенси пред сѐ, кое нешто не беше планирано да се случи во фабриката. Причината за вакво енормно зголемување на овие два клучни трошоци во работењето беа: иницијативите на Владата на РСМ за зголемувањето на минималната плата на вработените, како и непланираното високо зголемување на цената на електричната енергија и другите енергенси. И во вакви услови за работа, „Витаминка" не презеде ништо на планот на зголемувањето на продажните цени на дел, а не на сите, од нашите производи, кое и тоа како беше неопходно во одреден период од таа деловна година.

Позитивна страна во нашата работа беше продажбата на странските пазари, со раст во задоволителен процент.

Во 2018-та година дефинитивно одлучивме да се преземе екстремно ригорозна мерка во работењето на нашиот голем загубар, повеќе година station наназад, во „Ведрина-2" ДОО, Белград. Ова поврзано друштво подолго време генерираше негативни ефекти од работењето. Ова друштво за 2018-та година искажа загуба од неполни 370.000,00 €, вoглавно заради затвореноста на пазарот во Србија за пласман на нашите производи кое нешто повеќе години наназад го приметувавме како појава. Сосема спротивно, македонскиот пазар за истите такви производи кои и ние ги произведуваме во Македонија е многу полиберален за разлика од пазарот во Србија. Во текот на втората половина од 2018 година беше донесена деловна одлука целосната дистрибуција на производите и најголемиот број вработени да ја преземе дистрибутерот „Ал-Гросо" од Белград. Во „Ведрина-2" ДОО продолжија да работат само три вработени, со основна задача да продолжат да ги наплаќаат побарувањата кои ги имаше „Ведрина-2" од купувачите до денот на преносот на дистрибуцијата, побарувања неплатени како дел од 2018-та, од 2017-та (останати), а некои уште и од претходно.

Во 2018-та, „Витаминка" го направи најголемиот по обем на финансиски средства, инвестиционен зафат со купувањето на фабриката за производство на рафинирано сончогледово масло „Брилијант" од Штип. Таа компанија се купи од Комерцијална Банка, од Скопје, која беше заложен доверител на имотот од „Брилијант", вклучително и на трговската марка „Брилијант", за околу 7.300.000,00 €..

Воедно за оваа инвестиција беше обезбеден кредит (како и оној за купување на опремата) во висина од сса 3.000.000,00 € за финансирање на обртни средства за работа. Во текот на февруари 2018 год., се донесе едногласна одлука, за купувањето на оваа компанија во Штип. Кредитот земен за купување на оваа фабрика, за купувањето на основните средства е добиен на 15 години со вклучен три години грејс период.

Оценките се дека стекнатиот имот (недвижен и движен) во Штип е во одлична кондиција, опремата е речиси целосно нова, со потреба за ангажман на релативно мал број

вработени (до 70). Сепак, овој производствен капацитет повратно налага многу интензивна работа и ангажмани пред сѐ од врвното раководство во „Витаминка“, посебно на планот на приметно и интензивно зголемување на пласманот.

Во 2018 год. „Витаминка“ продолжи со интензивни инвестирања кои заедно со ануитетите исплатени по земени кредити, со користење на дел од добивката од тековното работење и од средствата за амортизација, беа потрошени за оваа намена вкупно средства во висина од 11.443.607,00.€. Во првиот квартал на 2019 год., „Витаминка“ за такви обврски исплати нешто повеќе од 500.000,00 €.

Приоритетните инвестиции за 2019 година се евидентирани во планот за работа на друштвото и ќе бидат реализирани во тековната година или најдоцна до почетокот на наредната 2020 година.

25.04.2019 год.

П.И.„Витаминка“ АД Прилеп
Претседател на О.Д.
Дипл.инг. Симон Наумоски